ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 30-165/10

Дата: 29.12.2011

ДО
ОПШТИНА ДОЈРАН

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Дојран за 2010 година.

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Дојран за 2001 година и е изразено мислење без резерва. Препораки, во однос на утврдените неправилности, не се дадени.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

Не се воспоставени внатрешни контроли во процесот на плаќање кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање.

Во Општина Дојран се вршат набавки на разни материјали (градежни материјали, електро материјали за одржување на јавното осветлување, канцелариски материјали и други материјали) за кои при приемот и давањето во употреба не се води материјална евиденција, поради што неможе да се утврди колку, каде и за кои потреби истите се потрошени, не се врши попис на затекнатата залиха и со тоа се создава можност за ненаменско користење на средствата.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

Подолг период во текот на годината во општината се ангажирани лица со кои градоначалникот има склучено договори за дело. Ангажирањето на лица по основ на договор на дело ја намалува транспарентноста и конкуренцијата при ангажирањето, овозможува ангажирање на лица без почитување на законски утврдените процедури и го зголемува ризикот од субјективност при приемот.

За спонзорства, социјални надоместоци и слични намени вршени се исплати во текот на 2010 година од Буџетот на Општина Дојран врз основа на решенија на Градоначалникот. При доделување на овие средства нарушен е принципот на транспарентност од причина што нема јавен повик или објава на веб страната на Општината за доделување на финансиски средства на организации и фондации и физички лица како и нема програми донесени од советот со утврдени критериуми за доделување на средства за овие намени. Ревизијата препорачува за надминување на состојбите советот да донесе програми со јасно утврдени критериуми и постапки за доделување на средствата.

Иако Општина Дојран има добиено недвижен имот согласно Решение за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Дојран врз основа на спроведен делбен биланс од 2000 година, истиот сеуште го нема евидентирано и воведено во деловните книги.
На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

## 1.Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 14 до 16 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Дојран, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на изворите на капитални средства и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Дојран за 2001 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Дојран под 31 декември 2001 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2001 година е изразено мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Глигор Чабулев, градоначалник на Општина Дојран во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Дојран се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**2.Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:

– финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

– усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки

зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 23.09 до 06.10.2011 година кај Општина Дојран од тим на Државниот завод за ревизија .

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.**

Последна извршена ревизија на финансиските извештаи на Општина Дојран е за 2001 година. Изразено е мислење без резерва во однос на реалноста на финансиските извештаи и законското и наменското користење на средствата. Препораки во однос на утврдените неправилности не се дадени.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија, на ден 25.10.2011 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 30 -165/4 од 24.11.2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Интерни контроли

#### 4.1.1. Процес на плаќање

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање, што не е во согласност со одредбите на членовите 5, 6, 16 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Причините за овие ризици се следните:

- недонесени пишани процедури за движење на документацијата во кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите;
- неназначен одговорен сметководител кој ќе ја потврдува веродостојноста на документацијата за која треба да се изврши плаќање и
- нема задолжено лице од вработените за следење на реализацијата на склучените договори за набавка на стоки, услуги и работи.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Дојран да ги преземе следните активности:

- да донесе пишани процедури за движење на документацијата и сите процеси во општината да се документираат на начин кој ќе овозможи следење на работењето и текот на трансакциите;
- да назначи одговорен сметководител кој ќе врши проверка и одобрување на документацијата која треба да се плати и
- да задолжи лице од вработените за следење на реализацијата на склучените договори за набавка на стоки, услуги и работи.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Од средствата на резервите извршена е исплата на награди на вработените во износ од 66 илјади денари што не е во согласност со одредбите од членот 11 од Законот за буџетите и членот 31 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, со кои е пропишано дека средствата од резервите можат да се користат за отстранување на последиците од елементарни непогоди, епидемии и еколошки катастрофи, за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни. За користење на средствата од резервите за износ над 50 илјади денари одлучува Советот на општината.

Награда е исплатена за сите редовно вработени, од кои осум со статус на државни службеници, двајца без статус на државни службеници и еден функционер. Во диспозитивот решението за исплата на наградите се повикува на Законот за државните службеници членот 61, со кој се регулира правото на исплата само за државните службеници, без примена на постапката предвидена со Упатството за поблиски критериуми за доделување на парична награда на државни службеници донесено од страна на Агенцијата за државни службеници. Согласно член 4 од Упатството определено е дека може да се наградуваат државни службеници кои позначително допринеле за остварување на целите и задачите на органот, а право на парична награда се остварува врз основа на предлог од непосредно претпоставениот раководител.
Исплатата е извршена без претходно утврдени позитивни резултати од работењето на поединните вработени и без добиени предлози за основаноста на наградата. Непостапувањето согласно законските одредби доведува до незаконско и ненаменско трошење на средствата од буџетот.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината наградувањето на вработените да го врши почитувајќи ги одредбите од Правилникот за поблиски критериуми за доделување парична награда на државните службеници а исплатата да се врши од средства планирани за таа намена во буџетот на Општината.

4.2.2. Во 2010 година е исплатен регрес за годишен одмор во вкупен износ од 132 илјади денари. Исплатата е извршена согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Дојран за 2010 година.
Исплатата на овој надоместок не е во согласност со одредбите на членовите 52 став 2 од Законот за државни службеници со кој се регулирани надоместоци на кои имаат право државните службеници, а меѓу кои не е предвидена исплата на надоместок-регрес за годишен одмор и 21 од Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор, со кој се регулирани надоместоци на кои имаат право вработените во јавниот сектор. Во решението за исплата опфатени се сите 11 вработени во општината од кои 8 државни службеници, 2 без статус на државен службеник и градоначалникот како избран функционер.
Исплатите на вработените кои немаат законски основ придонесува за незаконско трошење на буџетските средства на Општината.
На исплатениот регрес за годишен одмор е пресметан и платен персонален данок.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да одобрува исплата на надоместоци на плата, на кои државните службеници и другите вработени имаат право под услови и критериуми утврдени со Законот за државни службеници и Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор.

4.2.3. Во текот на 2010 година со решенија на градоначалникот на Општина Дојран исплатени се средства во вкупен износ од 93 илјади денари до здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати невладини организации. Средствата се доделени по доставени поединечни барања, без утврдени услови и критериуми за нивно доделување, без донесена Програма од советот и без јавен повик за доделување на средствата.
За користењето на средствата не се доставени деловни финансиски извештаи до советот од страна на корисниците на средствата, а на веб страната на Општината не се објавени организациите кои добиле средствата, како и целите за кои се доделени средствата. Ова не е во согласност со член 49 од Закон за здруженија и фондации, член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт, член 8 од Законот за локална самоуправа и Законот за спонзорства.
Доделувањето на средства без донесени акти со јасно дефинирани критериуми за целите и висината на доделените средства од Буџетот, создава можност за субјективност во одлучувањето, нетранспарентност и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Советот на Општина Дојран да донесе акт со кој поблиску ќе ги уреди условите за распределба и користење на средствата кои ќе се доделуваат на здруженијата на граѓани, невладини организации и други организирани групи, согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

4.2.4. Од позицијата Социјални надоместоци исплатени се средства во износ од 70 илјади денари за социјална помош на граѓани, врз основа на решенија донесени од градоначалникот на Општината.
Согласно членот 22 од Законот за локална самоуправа, социјалната заштита спаѓа во надлежностите на општината, а истовремено со Законот за социјална заштита во член 11 е уредено дека општините организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита преку донесени сопствени програми.
За овие исплати не постои Програма со утврдени цели и активности, донесена од советот на Општината, нема утврдени критериуми за доделување на средствата, што создава можност за субјективно постапување и одлучување при нивното

доделување и ненаменско трошење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита.

**Препорака:**
По предлог на градоначалникот, советот на Општината, согласно Законот за социјална заштита да донесе Програма за социјална заштита во која ќе се утврдат критериумите и постапката за доделување на средства на физички лица.

4.2.5. Од извршениот увид во документацијата ревизијата утврди дека во 2010 година во Општина Дојран извршени се набавки на разни материјали (градежни материјали, електро материјали за одржување на јавното осветлување, канцелариски материјали и други материјали), во вкупен износ од 1,320 илјади денари. За набавката и давањето во употреба на материјалите не се води материјална евиденција што не е во согласност со членот 4 став 1 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членот 28 од Правилникот за содржината на поодделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Набавките на материјали не се потврдени од лицата кои ги набавуваат материјалите (не се изготвуваат приемници при приемот), не се изготвуваат требувања од поодделните одделенија и служби на општината за издадените материјали и во сметководството не се евидентираат овие промени на соодветните сметки пропишани со сметковниот план за буџетите и буџетските корисници. За трошењето на истите нема документација каде и за кои потреби се потрошени, (записник, градежен дневник и слично).
Неевидентирањето на приемот и издавањето на материјалите во сметководството, не извршениот попис на непотрошените материјали, немањето документација каде и за кои потреби истите се потрошени, придонесува да се нема увид во нивната состојбата и се создава можност за ненаменско користење на истите.

**Препорака:**
Градоначалникот да ги задолжи надлежните лица :

- за приемот на набавените материјали да се изготвуваат приемници, а за издавањето издатница/требување;
- за трошењето на електо и градежните материјали да се изготвува документација каде и за кои потреби се потрошени, (во вид на записник, градежен дневник и слично) и
- надлежните во сметководството врз основа на тие документи да воведат сметководствена евиденција за состојбата, приемот и издавањето на материјалите.

4.2.6. Општина Дојран склучила договори на дело со физички лица за вршење на работи континуирано во подолг временски период предвидени со актот за организација и систематизација на работите и задачите, што не е во согласност со член 619 од Законот за облигациони односи. На овие лица во 2010 година е исплатен надоместок во вкупен износ од 1.031 илјада денари за кој е пресметан и платен персонален данок на доход во износ од 103 илјади денари.

Ангажирањето на лица по основ на договор на дело ја намалува транспарентноста и конкуренцијата при постапката на ангажирање, овозможува ангажирање на лица без почитување на законски утврдените процедури и го зголемува ризикот од субјективност при приемот.

За ангажирање на лица на работни места согласно Правилникот за организација и систематизација на работите и задачите, градоначалникот бил должен да ги почитува одредбите од Законот за работни односи и Законот за државни службеници.

Непочитувањето на одредбите од наведените закони има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во Билансот на приходи и расходи за 2010 година.

**Препорака:**

Општината како надлежен орган кој одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, да обезбеди вработувања на лица согласно актот за систематизација и законските прописи кои ја регулираат оваа област.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Општина Дојран во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението од 2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Дојран врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. Во врска со имотот со кој располага и е сопственост на општината нема обезбедено имотни листи од Агенцијата за катастар на недвижности. Поради тоа, искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2010 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината.

Ова создава ризик од узурпација на општинскиот имот и губење на сопственоста, а со стапувањето во сила на Законот за проценка во 2012 година и до зголемени трошоци за проценка на имотот и негово легализирање.

Во 2011 година, преку процесот за легализација од страна на надлежните во општината поднесени се барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење во општина Дојран, за објектите од Решението за

пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Дојран, од што произлегува во наредниот период да се изготват елаборати и да се утврди вредноста на овие објекти, по што би следело и нивно евидентирање.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности околу идентификување на добиените објекти, добивање имотни листови, вреднување и евидентирање на добиениот имот.

4.3.2. Обврската за плата спрема вработените за 2010 година е искажана во помал износ за 348 илјади денари поради непресметана и неевидентирана обврска за плата за месец декември 2010 година што е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ефект од тоа се нереално искажани состојби на обврските во сметководството и Билансот на состојба на 31.12.2010 година.

**Препорака:**
Обврската за плата за месец декември од тековната година, која вообичаено се исплатува во месец јануари наредната година да се евидентира како обврска за годината за која се однесува и да се искаже во Билансот на состојба.

**4.4. Користење на средствата согласно законски прописи**

При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди не применување на одредбите од Законот за јавни набавки и под законските акти од областа на јавните набавки поради следното:

4.4.1. Во 2010 година општината врши набавка на материјали за одржување на уличното осветлување од избран добавувач во постапка за јавна набавка, а за услуга за одржување на јавното осветлување во постапка за јавна набавка има избрано друга фирма, правен субјект. Со истите склучени се договори и тоа за набавка на материјали во износ од 295 илјади денари и за услуга за одржување во износ од 550 илјади денари. Според добиените фактури и во двата случаја договорениот износ е надминат и тоа кај набавката на материјли извршена е набавка во износ од 398 илјади денари или повеќе за 103 илјади денари и кај услугата за одржување на уличното осветлување испоставени се фактури во износ од 636 илјади денари или повеќе за 86 илјади денари, што претставува

непочитување на договорениот износ, и создавање на обврски кои не се регулирани со договорот. За надминување на износите од договорите, не се склучени анекс договори и не е спроведена постапка за јавна набавка.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да назначи лице за следење на реализацијата на договорите за набавка на стоки, услуги и работи.

4.4.2. Склучен е договор за машинско чистење на крајбрежјето на Дојранското езеро со машина тип Багер на износ од 348 илјади денари. Со членот 4 од договорот договорено е 50% од износот да се плати авансно, што и е направено со плаќање на износ од 174 илјади денари во јуни 2010 година. Ова не е во согласност со членот 49 став 2 од Законот за јавни набавки, со кој е регулирано дека за договорните органи единиците на локална самоуправа износот на авансот неможе да биде поголем од 20% од вредноста на договорот, и доведува до трошење на средствата на општината пред извршување на работата.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице на општината да склучува договори за набавки со кои е регулирано плаќање на аванс до 20% од вредноста на договорот.

**Вкупни ефекти од наодите**

Ефектот од изнесеното во точката 4.3.2. е искажана состојба на обврските спрема вработените во помал износ за 348 илјади денари во Билансот на состојба за 2010 година.
Врз основа на изнесеното во точките 4.2.5. и 4.3.1., а кое се однесува на неевидентирањето на набавката и издавањето на материјалите и неевидентираниот имот, ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финанските извештаи.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2.5. и 4.3., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Дојран на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските

активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Дојран, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 26.12.2011 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 31.058 | 24.724 |
| **Вкупно приходи** | | **31.058** | **24.724** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 5.670 | 5.282 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 66 | 105 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 14.648 | 12.213 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 540 | 290 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 70 | 24 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **20.994** | **17.914** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.3. | **10.064** | **6.810** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **31.058** | **24.724** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2010 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 ден. |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2010** | **2009** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 74 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 488 | 116 |
| **Вкупно тековни средства** | | **562** | **116** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 3.767 | 1.809 |
| **Вкупно постојани средства** | | **3.767** | **1.809** |
| **Вкупна актива** | | **4.329** | **1.925** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 4.3.1. | 74 | 0 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.2. | 488 | 116 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **562** | **116** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 3.767 | 1.809 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **3.767** | **1.809** |
| **Вкупна пасива** | | **4.329** | **1.925** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2010 година** | **1.809** | - | **1.809** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **2.768** | | **2.768** |
| Набавки | 1.341 | | 1.341 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 86 | | 86 |
| Пренос од вонбилансна евиденција | 1.341 | | 1.341 |
| **Намалување по основ на:** | **810** | - | **810** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Префрлање во Органот | | | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | - |
| Амортизација | 772 | | 772 |
| Ревалоризација | 38 | | 38 |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **3.767** | - | **3.767** |